У-5.бр.79/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Димитрула Апостоловска - претседател на совет, Валентина Конеска и Билјана Никодиновска Петровска - членови на советот, со записничар Ивана Смугреска - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери Скопје, поднесена преку полномошник Ана Панчевска, адвокат од Скопје, против Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-800/5 од 27.12.2018 година, од областа на јавните набавки, на седницата на советот одржана на ден 20.02.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери Скопје, поднесена против Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-800/5 од 27.12.2018 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-800/5 од 27.12.2018 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја отфрлила како неплатена жалбата поднесена од сега тужителот РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери Скопје, изјавена против Одлуката за поништување на постапката бр.11-8785/12 од 03.12.2018 година, донесена по Огласот за барање за прибирање на понуди бр.148/2018 за набавка на стоки – редовен сервис и одржување на противпожарни апарати и хидрантска мрежа во Општината и урбаните и месни заедници, основните училишта и детските градинки на договорниот орган – Општина Карпош.

Незадоволен од наведеното решение, тужителот „РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери Скопје, поведе управен спор со предлог истото да се поништи поради неправилна примена на Законот Општа управна постапка и неправилно утврдена фактичка состојба. Во тужбата наведе дека доколку жалбата содржела недостаток тужениот орган бил должен да го примени член 231 од Законот за јавните набавки во врска со член 65 став 1 и 2 од Законот за општата управна постапка и да побара од подносителот на жалбата истата да ја уреди. Предлага тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина наведени во образложението на истото, а наводите на тужителот ги смета за целосно неосновани.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Општина Карпош спровел постапка за јавна набавка со Оглас за барање за прибирање на понуди бр.148/2018 за набавака на стоки - редовен сервис и одржување на противпожарни апарати и хидрантска мрежа во Општината и урбаните и месни заедници, основните училишта и детските градинки и донел Одлука за поништување на постапката бр.11-8785/12 од 03.12.2018 година.

Со оспореното решение бр.09-800/5 од 27.12.2018 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја отфрлила како неплатена жалбата поднесена од сега тужителот РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери Скопје, изјавена против Одлуката за поништување на постапката бр.11-8785/12 од 03.12.2018 година, донесена по Огласот за барање за прибирање на понуди бр.148/2018 за набавка на стоки – редовен сервис и одржување на противпожарни апарати и хидрантска мрежа во Општината и урбаните и месни заедници, основните училишта и детските градинки на договорниот орган – Општина Карпош.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Според член 212 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07...83/18) подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надомест за водење на постапката.

Согласно член 229 став 1 алинеи 1, 2, 3 и 4 од наведениот закон во постапката пред Државната комисија, подносителот на жалбата, покрај административната такса, плаќа и надомест за водење на постапката во зависност од висината на понудата и тоа: до 20.000 евра во денарска противвредност , надомест од 100 евра во денарска противвредност; - од 20.000 до 100.000 евра во денарска противвредност надомест од 200 евра во денарска противвредност; - од 100.000 до 2000.000 евра во денарска противвредност надомест од 300 евра во денарска противвредност, или - над 200.000 евра во денарска противвредност, надомест од 400 евра во денарска противвредност.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека при одлучувањето тужениот орган правилно ги применил горе наведените одредби од Законот за јавни набавки, кога врз основа на истите ја отфрлил жалбата како неплатена, а согласно член 229 став 1 од истиот закон според кој во постапката на правна заштита, Државната комисија може да ја отфрли жалбата заради ненадлежност, недозволеност, неуредност, ненавременост поради тоа што е изјавена од неовластени лица и во случај на неисполнување на обврската од членот 212 став 2 на овој закон.

Судот ги ценеше наводите на тужителот и наоѓа дека се без влијание врз конечната одлука, односно дека оспореното решение на тужениот орган е законито кога наоѓа дека жалбата на сега тужителот не е поднесена согласно Законот за јавни набавки и во него се дадени доволно образложени причини кои ги прифака и овој суд.

Поради ваквата правна и фактичка состојба на работите по предметот, со оглед дека во постапката по тужба Управниот суд најде дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови ("Службен весник на РМ" бр.62/06 и 150/10).

Пресудено во Управен суд на 20.02.2020 година, под У-5.бр.79/2019.

Записничар - виш судски соработник
Ивана Смугреска

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

РН /

Република Северна Македонија Управен суд Скопје 9 Gjykata Administrative Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник

1